


# МАЈ 2026

# **МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ** ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 32 24 229




# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Пазарите на капитал во мај остварија значајни добивки, првенствено водени од објавените силни финансиски резултати на технолошките гиганти и обновениот оптимизам околу вештачката интелигенција, дополнети со сигналите за деескалација на геополитичкиот конфликт на Блискиот Исток. Како резултат на интензивните дипломатски напори, дојде до стабилизација на состојбите, што директно го ублажи притисокот врз глобалните енергетски пазари и го подобри пазарниот сентимент. Во корелација со овие случувања, цените на нафтата забележаа пад по достигнувањето на априлските максимуми.

Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на месецот забележа раст од 4,98%, со што приносот од почетокот на годината достигна 11,45%. Акциите од пазарите во развој прикажани преку индексот MSCI Emerging Market забележаа силен месечен раст од 9,50%, а од почетокот на годината 24,76%. Индексот MSCI Asia – Pacific исто така евидентираше висок раст од 8,33% во мај со принос од почетокот на годината од 21,96%, додека европскиот STOXX 600 во овој период оствари најмал раст во споредба со останатите пазари, завршувајќи го месецот со зголемување од 2,41% и вкупен YTD принос од 5,71%.




**MSCI Asia – Pacific** – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
**MSCI Emerging Market** – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
**STOXX 600** – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
**S&P 500** – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
**MSCI ACWI** – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

Извор: Блумберг

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел. 02 32 24 229




# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Македонскиот берзански индекс МБИ 10 во мај забележа пад од 1,76%, со што негативниот принос од почетокот на годината се продлабочи на 2,87%. Ценовниот притисок беше широкораспространет кај најголемиот дел од компаниите кои се компоненти на индексот, при што најизразен пад на вредноста во текот на месецот регистрираа Стопанска банка Скопје од 8,71%, Македонија Турист од 3,60% и Гранит од 3,10%. Гледано на кумулативно ниво, ТТК Банка, Стопанска банка Скопје и Македонија Турист ги предводат негативните движења со највисоки падови од почетокот на годината од 21,82%, 20,81% и 18,76%, соодветно. Наспроти ваквиот пазарен тренд, позитивен принос во периодот јануари – мај успеаа да задржат единствено Македонски Телеком со раст од 8,70%, НЛБ Банка со 1,67% и Макпетрол со 1,65%.




Извор: Блумберг



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Приносите на државните обврзници покажаа различни движења во мај, рефлектирајќи ги пазарните очекувања во однос на идната монетарна политика на водечките централни банки. Приносите на американските државни обврзници благо се зголемија поради преостанатите инфлаторни притисоци и очекувањата за подолготрајно задржување на рестриктивната монетарна политика, додека европските приноси опаднаа поради поголемата загриженост за економскиот раст. Индексите на обврзници остварија скромни добивки, при што европските индекси ги надминаа американските. Од анализираните обврзници, на крајот од месецот, македонската еврообврзница бележи најголем принос од 5,00%, додека од странските се издвојува британската десетгодишна обврзница со принос од 4,81%. Најнизок принос од наведените има швајцарската обврзница изнесувајќи 0,41%.

**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**




* Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање **21.01.2034**

Извор: Блумберг



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во мај, на девизниот пазар еврото генерално ослабе во однос на повеќето водечки валути. Руската рубља оствари највисок месечен раст од 6,14% во однос на еврото, а по неа следи кинескиот јуан со 1,55%. Швајцарскиот франк и американскиот долар исто така зајакнаа за 0,66% и 0,62%, соодветно, додека австралискиот долар забележа умерен раст од 0,39%. Наспроти нив, јапонскиот јен евидентираше пад од 1,05% во текот на месецот, а британската фунта ослабна за 0,49%. Валутните осцилации и понатаму се под големо влијание на геополитичките случувања, како и различните пристапи на централните банки во водењето на монетарната политика.

### Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




Извор: Блумберг Лектор: Каролина Накова